FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

PRESPA ПРЕСПА ИНСТИТУТ INSTITUTE

# ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА-3)

## 2021-2027

**Регулатива (ЕУ) 2021/1529 на Европскиот парламент и на Советот**
**од 15 септември 2021 година**
**со која се востановува Инструментот за претпристапна помош (ИПА-3)**

Регулативата со која се востановува Инструментот за претпристапна помош или ИПА-3 беше усвоена на 15 септември 2021 година. Со документот се утврдуваат приоритетите за финансирање во периодот 2021-2027, а во согласно со визијата за „Современ буџет за Унија која што штити, овозможува и брани" и Повеќегодишната финансиска рамка за 2021-2027.




За Унијата, проширувањето е политика преку која се зајакнува мирот, демократијата и стабилноста во Европа, а притоа и се овозможува на Унијата да биде подобро позиционирана за справување со глобалните предизвици. Ваквиот став е искажан и во Стратегијата за проширување кон Западниот Балкан од февруари 2018 година, а поддржан и со новата методологија за проширување која беше усвоена две години подоцна, во февруари 2020 година. Во оваа насока, Европската унија веќе преговара со Турција, Црна Гора и Србија, од 2005, 2012, односно од 2014 година. Додека, веќе неколку години по ред, Европската комисија препорачува отворање на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија, а во текот на 2020 година предложи и нацрт-Преговарачка рамка за водење на преговорите со овие две држави.

## ЗА ИПА-3 НИЗ 10 ФАКТИ:

1. ИПА-3 обезбедува помош која е насочена кон клучните продуктивни инвестиции и инфраструктурата, вклучувајќи тука и поддршка за зелената и дигиталната транзиција, како и за развој на поврзани, конкурентни економии засновани на знаење, одржливи и ориентирани кон иновации.

2. ИПА-3 е овозможувачка регулатива бидејќи ги утврдува целите што треба да се остварат во пристапувањето, истовремено олеснувајќи го насочувањето на помошта за потребите на секоја држава.

3. ИПА-3 овозможува пристапниот процес да продолжи да ги исполнува целите, како и Унијата да продолжи да го следи и насочува.

4. ИПА-3 ја позиционира претпристапната помош како клучна компонента на надворешната политика на Европската Унија и претставува начин како да се поврзат внатрешните политики на ЕУ со партнерите од процесот на проширување поставувајќи притоа амбициозна цел за издвојување на климатските програми како хоризонтално прашање.

5. ИПА-3 е комплементарна со голем број Програми на Унијата, вклучително и оние за безбедност, миграција, иновации, истражување и климатски активности, поврзување и енергија.

6. ИПА-3 е единствен од палетата на Европската Унија кој директно го поддржува подготвувањето на државите кандидати и потенцијалните кандидати за нивното членство во Унијата.

7. ИПА-3 е флексибилен инструмент и може да одговори на сите предизвици и настанати кризи. Инструментот својата флексибилност ја искажува со тоа што не воспоставува распределба по држави, туку обезбедува рамнотежа помеѓу потребите (она што може да се наметне како примарно, на пр. пандемијата), предвидливоста (она што значи поддршка на процесот на реформи и хармонизацијата) и финансирање засновано на прикажани успеси (државата која има добар административен капацитет ќе има и добар апсорпциски капацитет).

**8.** ИПА-3 ќе продолжи да применува единствен сет на правила, користејќи ги оние утврдени со Инструментот за соседство, развој и меѓународна соработка.

**9.** ИПА-3 ги обликува политичките приоритети околу оние утврдени во релевантните документи за политиката за проширување и во стратегиите за проширување, а кои се фокусираат на почитувањето на владеењето на правото и основните права.

**10.** ИПА-3 внимава на буџетските импликации од областа на фармацијата и здравството, а предвидува специфични информации за активностите на носителите на одобренија за продажба на централно овластени лекови, подложни на медицински рецепт, ќе подлежат на надоместоци што ги наплатува Европската агенција за лекови.

## ПЕТТЕ ПРОЗОРЦИ НА ИПА-3:




Партнери во програмирањето на ИПА-3 како и до сега, се Генералниот директорат за проширување и соседство при Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија. До сега, партнерите во програмирањето имаат разгледано и утврдено 22 акциски фишеа за <u>2021 и 2022 година</u>. Тоа се акциските фишеа кои биле предложени од Владата,

а оценети како зрели проекти од страна на Европската комисија.

Од утврдените 22 акциски фишеа, дури 19 фишеа, иако се распоредени во повеќето од прозорците, имаат директно влијание на хармонизацијата со четвртиот кластер – Зелена агенда и одржлива поврзаност. Притоа, овие 19 фишеа програмираат вкупно 243,3 милиони евра во рамките на кои 182,6 милиони евра, или 75% се средства од Европската Унија. Ветеното национално учество за овие 19 акциски фишеа изнесува 60,7 милиони евра, или 25% од вкупната вредност на проектите.



Најголемите три проекти утврдени со акциските фишеа за 2021 и 2022 година се:

## 1. ЕУ за модерен систем за управување со отпадни води

- Вкупна вредност на проектот: 53 милиони евра
- Средства од ЕУ: 26,5 милиони евра
- Национално кофинансирање: 26,5 милиони евра
- *Проектот ќе придонесе за оптимизирање на водениот циклус и намалување на влијанието на цврстиот отпад врз животната средина.*
- *Проектот ќе придонесе за спроведување на Националната стратегија за води 2012-2042 година, мерките и акциите предвидени во поглавјето 5.3 - Заштита на водите.*
- *Проектот е конзистентен со Националната стратегија за инвестиции во животната средина, Вториот национален план за животна средина и Националната стратегија за приближување кон животната средина.*

## 2. ЕУ за зелен пораст

- Вкупна вредност на проектот: 27,5 милиони евра
- Средства од ЕУ: 20 милиони евра
- Национално кофинансирање: 7,5 милиони евра
- Проектот ќе придонесе за хармонизација со:
  *1) Европскиот зелен договор;*
  *2) Обновена европска агенда за истражување и иновации;*
  *3) Новата индустриска стратегија за Европа;*
  *4) Акциониот план за циркуларна економија на ЕУ.*
- *Проектот ќе придонесе за постигнување на целите на Агендата на Обединетите нации за одржлив развој до 2030 година, поконкретно тематски приоритет 8-Пристојна работа и економски раст и приоритет; и тематски приоритет 9- Индустрија, иновации и инфраструктура.*

### 3. ЕУ за Преспа

- Вкупна вредност на проектот: 23,7 милиони евра
- Средства од ЕУ: 18 милиони евра
- Национално кофинансирање: 5,3 милиони евра
- Проектот ќе придонесе за практична имплементација на националното законодавство усогласено со европското од поглавјето 27, а ќе го поддржи одржливиот развој на регионот околу Преспанското езеро преку поттикнување на еколошки фокусирани економски активности во регионот, пред се во областа на земјоделството и одржливиот туризам.
- Релевантноста на проектот за Европскиот зелен договор, се огледа во однос на целите за зачувување и обнова на екосистемите и биолошката разновидност.

За имплементацијата на 12 од предвидените 19 проекти предвидено е национално учество. Притоа, Владата се има обврзано дека ќе обезбеди точно 60,7 милиони евра.

Од овие 12 акциските фишеа половината, или 6 се програмирани за 2021 година. Вкупната вредност на овие шест проекти изнесува 90,6 милиони евра, а националното учество во нив изнесува 19,7 милиони евра, или приближно 22%.

Програмираните 6 акциските фишеа за 2022 година се со вкупна вредност од 98,9 милиони евра. Додека националното учество во нив изнесува 41 милион евра, или приближно 42%.






## КОРИСНИ ЛИНКОВИ:

**ИПА-3 регулатива**

https://bit.ly/3nRkMEe

**ГД за проширување:**

https://bit.ly/3cPkk39

**СЕП:**

https://bit.ly/3xr6Dk6

**Дијалог кон ЕУ:**

https://bit.ly/3tMGYCT

„Овој брифинг документ е изработен во рамки на проектот „ЕУ опсерваторија – поглавје 27“ финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.“

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

PRESPA ПРЕСПА
ИНСТИТУТ INSTITUTE